

Црвениот крст на РМ во партнерство и со поддршка на Високиот Комесаријат за бегалци (УНХЦР), Меѓународната Федерација на друштвата Црвен крст и Црвена полумесечина (МФЦК/ЦП) и Меѓународниот Комитет на Црвен крст (МКЦК) е вклучен во олеснување на страдањата на мигрантите и бегалците кои транзитираат низ територија на Република Македонија.

- **Јуни 2015 година-патролирање на екипите на Црвениот крст на автопатот Гевгелија-Куманово и пружање прва помош на голем број на мигранти и бегалци**
- **Септември 2015 година-направени се транзитни центри за мигранти и бегалци на Винојуг-Гевгелија и Табановце-Куманово, мобилизирани 11 мобилни тимови со 264 волонтери обучени за укажување прва помош и дистибуција на хуманитарна помош**
- **Црвениот крст обезбедува 24 часовно покривање на потребите на мигрантите и бегалците**
- **Од јуни 2015 до март 2016 година, поделени се 491.966 шишиња со вода, 47.359 пакети со храна, 15.936 хигиенски пакети, 53.492 ќебиња, 3.544 сетови за прва помош, 13.149 јакни, 16.002 кабаници...**
- **185.362 асистенции на мобилните тимови на Црвен крст за укажување прва помош**

**Кампањата "Стоп за рамнодушноста-Да ја сочуваме хуманоста" ги повикува луѓето, партнерите и носителите на одлуки на солидарност со мигрантите и бегалците, за нивна заштита како и гарантирање на нивната безбедност и достоинство, без дискриминација, во секој чекор на своето патување.**


За повеќе информации:

**Црвен крст на Република Македонија**

Адреса:Бул.Кочо Рацин бр 13 1000 –Скопје, Република Македонија

Телефон: +389 2 311 43 55

Факс: +389 2 323 05 42

**WWW.REDCROSS.ORG.MK**

www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija

YouTube www.youtube.com/MacedonianRedCross


**Стоп за рамнодушноста -** Да ја сочуваме хуманоста
**Stop për indiferencën –** Ta ruajm humanitetin
**Stop Indifference –** Save Humanity

**Црвен крст на Република Македонија**
**Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë**
**Macedonian Red Cross**



# МИСИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Да го спречи и ублажи човековото страдање каде и да е, да го заштити животот и здравјето, да обезбеди почит и достоинство за човековото битие, особено во време на вооружени конфликти, несреќи и катастрофи, да работи на превенција од болести и унапредување на здравствената и социјалната добросостојба на луѓето, да поттикне доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош како и универзално чувство за солидарност и хуманост".

**Мигрантите сочинуваат 3% од целокупната популација во светот. Тоа значи дека 1 од секои 35 лица во светот е мигрант.**

**Миграцијата** е феномен кој може да влијае на секоја земја. Многу мигранти се селат своеволно, а голем дел од нив се натерани да се отселат. Се повеќе луѓе се присилени да ги напуштаат своите домови и општества поради многу фактори: конфликти, прогонувања, природни катастрофи и сиромаштија. Миграцијата, без разлика дали е своеволна или присилена, инволвира комбинација од одлуки и ограничувања

Со цел да стигнат до определена земја, мигрантите поминуваат низ територии на повеќе земји. Така, низ Република Македонија, во периодот од јуни 2015 до март 2016 транзитираа повеќе од 800.000 лица, чија крајна цел е пристигнување во некоја од западноевропските земји.

Правата и обврските на овие лица во **Република Македонија** се регулирани со Законот за азил и привремена заштита. Законот не нуди дефиниција за поимот „мигрант", меѓутоа, им овозможува на сите лица кои ќе влезат на територијата на Република Македонија во рок од 72 часа да одлучат дали ќе поднесат барање за азил, или ќе ја напуштат територијата на земјата.

Решавањето на потребите на мигрантите преку алармирање на јавноста, помош и хуманитарна акција, заштита и зголемување на свеста се важен приоритет на Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, а со тоа и на Црвениот крст на Р. Македонија.










Според Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, **мигрантите** се луѓе кои ги оставаат или напуштаат своите домови за да одат на друго место, најчесто во странство, во потрага по можности, меѓународна заштита или посигурен и подобар живот. Терминот мигранти се однесува на сите категории на мигранти како што се економски мигранти, мигранти без припадност на држава, нелегални мигранти, бегалци и баратели на азил. Движењето нема никаква улога во одредување на правниот статус на мигрантите.

Заштитата и хуманитарната помош на Црвен крст и Црвена полумесечина за мигрантите и бегалците се однесува на дистрибуција на хуманитарна помош, обновување на семејни врски, обезбедување на психолошко советување, здравствени услуги, интеграции, подигнување на свеста за поимот миграција и намалување на стигмите и стереотипите за мигрантите и бегалците, интеграција и мерки за обука.